# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

21 ноември 2025 | Излегува по потреба | Година XX | број 20



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРОЈАВУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ, ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на управен одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 21 ноември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-9525/1**
**од 21 ноември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 17 и 17-а став (2) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), а во врска со Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите ("Службен весник на РСМ" бр.213/2024) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на четвртата седница одржана на 21 ноември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРОЈАВУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ, ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ

**Член 1**

Со оваа одлука се објавува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката ќе ја спроведе Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9492/3**
**од 21.11.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА КАНДИДАТИ, ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ

1. Се објавува Одлуката за формирање на комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 21 ноември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9525/2**
**од 21 ноември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), член 17-а став (4) од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и ''Службен весник на РСМ'' бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), а во врска со член 4 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите (''Службен весник на РСМ'' бр.213/2024) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на четвртата седница одржана на 21 ноември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА КАНДИДАТИ, ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ

**Член 1**

Се формира Комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

За претседател, заменик претседател, членови и заменици членови на Комисијата се избираат:

| | |
|---|---|
| **ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ**, | **- ТАТЈАНА СИНАДИНОВСКА** |
| **ЗА ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ**, | **- САШО ТРАЈКОВ** |
| **ЗА ЧЛЕНОВИ**, | **- ЉУПЧО БОЈАНОВ** |
| | **- ИРЕНА НИКОЛОВА** |
| **ЗА ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ,** | **- АНИ БОЈАЏИ** |
| | **- ГОРАН ЦВЕТКОВСКИ**. |

**Член 3**

(1) Постапката за селекција на кандидати за избор на членови на управниот одбор на јавното претпријатие се состои од две фази и тоа:

- административна селекција и
- интервју.

(2) Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите, утврдени во повикот, проверка на доставените докази и нивно бодување. За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во повикот или не ги доставиле потребните докази, постапката за селекција завршува.

(3) Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодување на стекнато образование и работно искуство во струката. Административната селекција завршува најдоцна во рок од 10 (десет) дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на повикот.

(4) Комисијата најдоцна 10 (десет) дена од денот на завршувањето на административната селекција спроведува интервју со кандидатите што успешно ја поминале административната селекција.

(5) Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб страницата на основачот на јавното претпријатие.

(6) На интервјуто, преку ситуациони прашања, се проверуваат општите работни компетенции за член на управниот одбор, а преку стручни прашања или практични задачи се проверуваат посебните работни компетенции и се врши нивно бодување.

(7) Комисијата подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг-листа, од најмногу 10 (десет) најдобро рангирани кандидати за членови на управниот одбор најдоцна 10 (десет) дена од денот на завршувањето на интервјуто.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9492/4**
**од 21.11.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРОЈАВУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ, ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 21 ноември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9525/3**
**од 21 ноември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), член 26-а, а во врска со член 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и ''Службен весник на РСМ'' бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), а во врска со Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите (''Службен весник на РСМ'' бр.213/2024) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на четвртата седница одржана на 21 ноември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРОЈАВУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ, ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се објавува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката ќе ја спроведе Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-9492/5**
**од 21.11.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и "Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА КАНДИДАТИ, ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за формирање на комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 21 ноември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-9525/4**
**од 21 ноември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), член 17-а став (4) од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и ''Службен весник на РСМ'' бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), а во врска со член 4 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите (''Службен весник на РСМ'' бр.213/2024) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на четвртата седница одржана на 21 ноември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА КАНДИДАТИ, ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Се формира Комисија за селекција на кандидати за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

За претседател, заменик претседател, членови и заменици членови на Комисијата се избираат:

| | |
|---|---|
| **ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ**, | **- ВАСКО АПОСТОЛОВСКИ** |
| **ЗА ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ**, | **- МАРИЕЛА ХРИСТОВА** |
| **ЗА ЧЛЕНОВИ**, | **- ЉУПЧО БОЈАНОВ** |
| | **- ИРЕНА НИКОЛОВА** |
| **ЗА ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ,** | **- АНИ БОЈАЏИ** |
| | **- ГОРАН ЦВЕТКОВСКИ**. |

**Член 3**

(1) Постапката за селекција на кандидати за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на јавното претпријатие се состои од две фази и тоа:

- административна селекција и
- интервју.

(2) Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите, утврдени во повикот, проверка на доставените докази и нивно бодување. За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во повикот или не ги доставиле потребните докази, постапката за селекција завршува.

(3) Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодување на стекнато образование и работно искуство во струката. Административната селекција завршува најдоцна во рок од 10 (десет) дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на повикот.

(4) Комисијата најдоцна 10 (десет) дена од денот на завршувањето на административната селекција спроведува интервју со кандидатите што успешно ја поминале административната селекција.

(5) Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб страницата на основачот на јавното претпријатие.

(6) На интервјуто, преку ситуациони прашања, се проверуваат општите работни компетенции за член на надзорниот одбор, а преку стручни прашања или практични задачи се проверуваат посебните работни компетенции и се врши нивно бодување.

(7) Комисијата подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг-листа, од најмногу 10 (десет) најдобро рангирани кандидати за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење најдоцна 10 (десет) дена од денот на завршувањето на интервјуто.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9492/6**
**од 21.11.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на управен одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

**ОДЛУКА** за формирање на комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

**ОДЛУКА** за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6

**ОДЛУКА** за формирање на комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . . . . . .8

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 20/25**
**4 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk